# Интерен акт

## Правилник за изрекување Педагошки мерки, видови пофалби и награди за учениците во ООУ„ Љубен Лапе “ - Скопје

Врз основа на Законот за основно образование ( Сл.весник на РСМ бр.161 од 5.8.2019 година чл.72) ООУ„ Љубен Лапе “ за учениците кои не ги извршуваат обврските и ги повредуваат правилата на воспитно - образовната работа во училиштето предвидени се педагошки мерки.

ЉУБЕН ЛАПЕ
Бр. 01- 67/1
28.01 2020 год.
Аеродром-Скопје

### Педагошки мерки

### Член 1

Педагошки мерки во основното училиште се применуваат кон ученици кои ги прекршуваат правилата на училишниот живот, а со цел да се постигне чуство на одговорност и спречување на негативни појави.

### Член 2

За учениците кои ги прекршуваат правилата на училиштето се применуваат следниве педагошки мерки:

- усна опомена
- писмена опомена
- укор
- преместување на ученикот во друга паралелка
- намалување на поведението

### Член 3

Педагошката мерка **усна опомена** се изрекува кога:

- нередовно носење на училишен прибор и униформа,
- недисциплина за време на часовите и одморите,
- вербални навреди меѓу учениците,
- несоодветно однесување,
- злоупотреба на мобилниот телефон за време на часовите, во ходниците на одмор и во училишниот двор (снимање и сликање на наставници и ученици и нивно објавување).

Усната опомена ја изрекува одделенскиот раководител.

Scanned with CamScanner

## Член 4

Педагошката мерка **писмена опомена** се изрекува кога:

- ученикот неправдано отсуствува од наставата (повеќе од 10 неоправдани изостноци),
- ученикот недолично и неодговорно се однесува кон соучениците, наставниците и другите вработени во училиштето,
- помали физички пресметки меѓу учениците,
- злоупотреба на мобилниот телефон за време на часовите, во ходниците на одмор и во училишниот двор (снимање и сликање на наставници и ученици и нивно објавување).
- ученикот веќе има усна опомена,

Писмената опомена ја предлага одделенскиот раководител, предметен наставник и ја донесува одделенскот совет.

## Член 5

Педагошката мерка **укор** се изрекува кога:

- ученикот неоправдано отсуствува од наставата (повеќе од 10 но не повеќе од 20 неоправдани изостаноци),
- ја нарушува дисциплината на часовите и одморите
- го уништува училишниот имот
- насилно се однесува кон другите ученици (навредување, исмејување, заплашување, заканување и тепачки)
- злоупотреба на мобилниот телефон за време на часовите, во ходниците на одмор и во училишниот двор (снимање и сликање на наставници и ученици и нивно објавување).
- ученикот веќе има писмена опомена,

Укорот го предлага одделенскиот раководител, предметен наставник и го изрекува Наставничкиот совет.

## Член 6

Педагошката мерка **преместување на ученикот во друга паралелка** се изрекува кон ученик кој:

- ученикот неоправдано отсуствува од наставата (повеќе од 10 но не

Scanned with CamScanner

повеќе од 20 неоправдани изостаноци),

-не го почитува и врши повреди на куќниот ред на училиштето,

- намерно го уништува училишниот имот,

- ја загрозува и повредува личноста на ученикот, наставниците, вработените во училиштето и други лица во училиштето,

- внесува и употребува опасни предмети и пиротехнички средства во училиштето,
- злоупотреба на мобилниот телефон за време на часовите, во ходниците на одмор и во училишниот двор (снимање и сликање на наставници и ученици и нивно објавување).
- ученикот веќе има педагошка мерка укор,

Педагошката мерка преместување на ученикот во друга паралелка ја предлага одделенскиот раководител, ја донесува Одделенскиот совет, а ја потврдува Наставничкиот совет и директорот.

## Член 7

Педагошката мерка **намалување на поведението** се изрекува на ученик кој врши потешки повреди на куќниот ред во училиштето и доколку не се случиле промени по разговорите со ученикот и родителите:

- ученикот неоправдано отсуствува од наставата (повеќе од 10 но не повеќе од 20 неоправдани изостаноци),
- континуирано ја нарушува дисциплината на часовите и одморите
- континуирано го уништува училишниот имот
- насилно се однесува кон другите ученици (навредување, исмејување, заплашување, заканување и тепачки),
- злоупотреба на мобилниот телефон за време на часовите, во ходниците на одмор и во училишниот двор (снимање и сликање на наставници и ученици и нивно објавување).
- внесување и употреба на опасни и пиротехнички средства во училиштето,
- ученикот во училиштето: пуши цигари, конзумира алхохол и употребува наркотички средства
- на ученикот му е изречена педагошката мерка преместување во друга паралелка и нема подобрување во неговото поведение и покрај сите советодавни разговори со него и родителот.

Педагошката мерка намалување на поведението ја предлага одделенскиот раководител, ја донесува Одделенскиот совет, а ја потврдува Наставничкиот совет и директорот.

Поведението може да се намали на Добро или Незадоволително во зависност од тежината на прекршокот. За ова одлучува Наставничкиот совет.

Scanned with CamScanner

## Член 8

Педагошките мерки **се применуваат** индивидуално и се темелат на објективност, одмереност, праведност и педагошка одговорност.

Педагошките мерки се изрекуваат **индивидуално** за секој ученик со претходно проучување на околностите кои довеле до потреба за нивно изрекување.

## Член 9

**Пред изрекување на педагошките мерки** претходи разговор со ученикот и родителот или старателот. Разговорот го води одделенскиот наставник, раководителот на паралелката, предметниот наставник, стручните соработници а по потреба директорот. Врз основа на чл.**76** од Законот за основно образование („Службен весник на Р.С.Македонија" бр.161 од 5.8.2019 година) се применува Советување за родители на ученици на кои им се изречени педагошките мерки. За превземените активности се водат записници.

## Член 10

Изречената педагошка мерка детално се образложува со цел истата наполно да е разбирлива за ученикот кон кој се применува.

За изречената педагошка мерка се известува родителот (старателот) на ученикот.

За изречените педагошки мерки од член 2 од овој интерен акт, се поднесува приговор во рок од 7 дена од денот на известување.

Приговорот се поднесува до Училишниот одбор кој може педагошката мерка да ја потврди, измени или укине. Одлуката по приговорот е конечна.

## Член 11

Изречените педагошки мерки се евидентираат во соодветна педагошка документација.

## Член 12

Педагошките мерки од член 2 од овој интерен акт важат до крајот на учебната година во која се изречени.

Scanned with CamScanner

Кога ќе настанат позитивни промени кај ученикот, изречената педагошка мерка намалување на поведението се повлекува.

Scanned with CamScanner

## Видови пофалби и награди

### Член 13

Учениците од училиштето кои се истакнуваат со својата работа и поведение можат да бидат пофалени и наградени.

### Член 14

Пофалбите и наградите **се доделуваат** на ученик, група ученици, ученичка секција, екипа и паралелка во текот и на крајот на учебната година.

### Член 15

Ученикот **се пофалува и наградува за:**

- континуирано залагање и напредување во наставата,
- залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.),
- примерно поведение,
- позитивно однесување (развивање другарство, помагање на други ученици, почитување на наставниците, вработените во училиштето и редовност во извршувањето на обврските),
- залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина

### Член 16

Пофалби и **награди се доделуваат на:**

- паралелка која посебно се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски,
- група, секција или екипа која постигнала особени резултати (прво, второ или трето место и сл.) на натпевари,
- паралелка, група или секција која постигнала најдобри резултати во одредена активност организирана во училиштето и надвор од него.

### Член 17

Предлог за пофалби и награди дава оделенскиот наставник, предметниот наставник и училишната комисија (по стручни активи), а одлука донесува Наставничкиот совет.

Scanned with CamScanner

## Член 18

Пофалбите се доделуваат усно и писмено.

Писмена пофалба се дава во вид на дипломи, пофалници и признанија.

Наградите се даваат во вид на одредени вредности што одговараат на нивната педагошка намена: книги, билети за филмски, театарски и друг вид културно - уметнички и спортски приредби, ученички прибор и сл.

## Член 19

Пофалувањето и наградувањето се врши на свечен начин во текот и на крајот од учебната година.

## Член 20

За пофалбите и наградите се води евиденција во училиштето.

**Изготвила комисија составена од:**

Психолог : Јелена Јовановска

Педагог: Снежана Мирчевска

Специјален едукатор и рехабилитатор :Ивана Цветановска

Предметен наставник :Бранкица Јованова

Одделенски наставник Тања Атанасовска

Директор:

Scanned with CamScanner